

Согласно годишната програма за комунални работи и сообраќај на општина Неготино започнаа градежни работи за реконструкција на тротоари на повеќе локации во градот. Во моментов на терен се работи на реконструкција на тротоарот од левата страна на ул„ Борис Кидрич“ од спојот со ул„Маршал Тито“ до спојот со ул„Јна“ во должина од 150 метри или како што информираат стручните служби опфатена е површина од 230 м2. Според зборовите на градоначалникот на општина Неготино Тони Делков најпрво се изврши отстранување на постоечкиот бетон и рабници, по што ќе се пристапи кон поставување на бехатон коцки и нови бетонски рабници, со што по завршувањето на работите овој тротоар ќе добие сосема нов и модерен лик. Градоначалникот Делков додава дека следна локација на која ќе се работи ќе биде потегот кај црквата „Св.Атанасиј“ од десната страна на ул„Партизанска“, поточно од спојот на истата со ул„Цандо Кожинков“ се до спојот со ул „4 Јули“ каде што ќе се гради комплетно нов троатоа во должина од 150 метри. Средствата за изведување на работите се обезбедени од Буџетот на општина Неготино.



